Република Северна Македонија
Општинско Основно Училиште
ВАСИЛ ГЛАВИНОВ
Бр. 05-84/1
01.03 2022 год.
ВЕЛЕС

Друштво за производство промет и услуги
МЕРИАН АС Васе Настеска и друг
ДОО експорт-импорт
Бр. 03-003
04.03 2022 год.
СКОПЈЕ

# Д О Г О В О Р

Склучен на ден 01.03.2022 година, во Велес помеѓу следните

**ДОГОВОРНИ СТРАНИ:**

1. ООУ "Васил Главинов" Велес, ул.Никола Карев бр.2 Велес, застапувано од Директорот Сашко Чоков во понатамошниот текст како Набавувач и

2.Друштво за производство,промет и услуги Мериен Ас Васе Настеска и друг ДООекспорт-импорт -Скопје ул.„Никола Русински , бр.3 Блок 4, застапувано од Управителот Васе Настеска во понатамошниот текст како Носител на набавката.

## ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ:

**Член 1**

Предмет на овој договор е сукцесивна годишна јавна набавка за набавка на стоки: **УЧИЛИШЕН МЕБЕЛ** по приложена спецификација. Постапката е спроведена со објавување оглас за набавка од мала вредност -стоки со **Оглас Бр.01316/2022** која се спроведува преку **ЕСЈН** и завршува со е-аукција

.

## СКЛУЧУВАЊЕ И ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА ДОГОВОРОТ

**Член 2**

Договорот се смета за склучен од моментот на неговото потпишување од двете договорни страни.

Времетраењето на овој договор е една година од денот на склучувањето или до целосно исцрпување на вредноста од член 3 од овој договор.

## ЦЕНА НА ДОГОВОРОТ:

**Член 3**

Вредноста на стоките од член 1 од овој Договор, изнесува до. 258.892,00 денари со вклучен ДДВ.

Конечната вредност на набавката ќе биде утврдена врз основа на единечните исплатени цени потврдени од набавувачот, односно во рок од 10 дена по завршување на испораките, кога набавувачот и носителот на набавката ќе направат меѓусебно срамнување, .

Цените утврдени во спецификацијата на овој Договор се фиксни,

## НАЧИН И РОК НА ПЛАЌАЊЕ:

**Член 4**

Плаќањето на цената од член 3 на овој Договор, ќе се врши по претходно доставена финансиска документација (фактура) за целиот утврден износ и тоа во рок од 60 дена по фактурирањето директно на сметката на набавувачот.

## ОБВРСКИ НА НОСИТЕЛОТ НА НАБАВКАТА

**Член 5**

Носителот на набавката се обврзува да ги испорача стоките опишани во член 1 на овој Договор, по рок и динамика на извршување утврден во член 8 од овој Договор.

**Член 6**

Носителот на набавката се обврзува дека бараните стоки ќе ги предаде со бараните карактеристики и квалитет.

## ОБВРСКИ НА НАБАВУВАЧОТ:

**Член 7**

Набавувачот се обврзува дека плаќањето ќе го врши по претходно доставена финансиска документација (фактура) во рок од 60 дена..

## РОК НА ИСПОРАКА

**Член 8**

Рокот на испорака на стоките во смисол на член 1 на овој Договор изнесува веднаш по нарачка.

**Член 9**

Договорните страни се согласни дека во случај кога Носителот на набавката нема да ги испорача бараните стоки во рокот определен во член 8 од овој договор па заради тоа падне во задоцнување, истиот е должен да му плати на Набавувачот договорна казна во висина од 0,5% од вкупната цена определена во член 3 од овој Договор за секој ден на доцнењето.

Договорната казна не може да надмине 5% од вкупната цена определена со член 3 од овој договор.

## КВАЛИТЕТ НА ИСПОРАЧАНИТЕ МАТЕРИЈАЛИ

**Член10**

Носителот на набавката го гарантира квалитетот на испорачаните стоки во согласност со договорениот квалитет и дека немаат мани што ја оневозможуваат нивната подобност за редовна употреба, определена со договорот.

**Член 11**

Носителот на набавката се обврзува да достави потврда, атест, сертификат за квалитет на стоките што ги испорачува според пропишаните стандарди.

## РАСКИНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

**Член 12**

Кога една од договорните страни нема да ја исполни својата обврска или нема да се придржува кон утврдениот квалитет, другата договорна страна може да бара исполнување на обврската или во спротивно да го раскине договорот.

**Член 13**

Договорната страна која поради неисполнување на договорните обврски го раскинува договорот, должна е за тоа веднаш писмено да ја извести другата договорна страна.

**Член 14**

Со писменото известување се смета дека договорот е еднострано раскинат.

По раскинувањето на Договорот, странките се должни да ги измират настанатите обврски до раскинувањето на Договорот.

## ОДГОВОРНОСТ ЗА МАТЕРИЈАЛНИ НЕДОСТАТОЦИ

**Член 15**

Материјален недостаток постои ако испорачаните стокикли ги немаат потребните својства за нивна редовна употреба или ги немаат својствата и одликите од член 9.

**Член 16**

Набавувачот е должен испорачаните стоки, да ги прегледа на вообичаен начин за да се утврди дали постојат видливи недостатоци.

Доколку прегледот се изврши во присуство на обете страни, Набавувачот е должен своите забелешки поради видливите недостатоци да му ги соопшти на Носителот на набавката веднаш.

Во известувањето за недостатокот на стоките, Набавувачот е должен поблиску да го опише недостатокот и да го повика Носителот на набавката да ги прегледа истите.

Носителот на набавката не одговара за недостатоците што ќе се покажат по предавањето на стоките.

**Член 17**

Набавувачот кој навреме и уредно го известил Носителот на набавката за недостатокот, може:

- да бара од Носителот на набавката да ги замени сите неквалитетни стоки.

## ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 18**

Договорните страни можат да ги дополнат или изменат одредбите од овој Договор само спогодбено.

Договорната страна која бара измена или дополнување е должна своето барање до другата страна да го достави во писмена форма.

Одредбите од овој Договор можат да се изменат или дополнат со склучување на Анекс на Договорот.

Дополнувањата и измените на овој Договор се важечки, ако се направени во писмен облик и ако се потпишани од двете договорни страни.

За се што не е регулирано со овој Договор, ќе се применуваат одредбите од Законот за облигационите односи.

**Член 18**

Сите евентуални спорови кои би произлегле од овој Договор, а кои договорните страни не би можеле да ги решат спогодбено, во духот на взаемна соработка и добрите деловни односи, ќе ги решава надлежниот суд во Велес.

**Член 19**

Овој Договор е составен во 4 (четири) примероци, од кои по 2 (два) примерока за секоја договорна страна.

| | |
|---|---|
| **НОСИТЕЛ НА НАБАВКА** | **НАБАВУВАЧ** |
| ДППУ Мериен Ас Васе Настеска | ООУВасил Главинов |
| Директор | Директор |
| -------------------------- | -------------------- |
| Настеска Васе | Сашко Чоков |

## ТЕХНИЧКА СПЕЦИФИКАЦИЈА

## НАБАВКА НА УЧИЛИШЕН МЕБЕЛ

**III – Финансиска понуда**

## НАБАВКА НА УЧИЛИШЕН МЕБЕЛ

| Реден број | Опис | Единица мерка | Количина | Вкупна цена без ддв | ДДВ | Вкупна цена со ДДВ |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Училишна клупа – со димензии 130см x 50см x 75 см.Димензии на плотна минимално 130см x 50см и висина од 75см изработена од оплеменета иверица (или еквивалентно) мин.16 мм ( дебелина ), со АБС трака со дебелина од минимално 2мм. Конструкција да биде изработена од челичен профил минимални димензии 25ммx25ммx1,5 мм (дебелина) соодветно заштитен од корозија со пластични чепови на ногарките за заштита од оштетување. Под горната плотна на училишната клупа на растојание од 16 см да има друга плотна за оставање на ученичките ташни изработена од оплеменита иверица со димензии минимално 127см x 26см и дебелина на плотната од минимално 16 мм заштитено со АБС трака со дебелина од минимално 2мм | парче | 26 | **67600,00** | **12168,00** | **79768,00** |
| | **Училишна клупа 1-2 одд** – со димензии 130см x 50см x65 | | | **34300,00** | **6174,00** | **40474,00** |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 2 | см.Димензии на плотна минимално 130см х 50см и висина од 65 см изработена од оплеменета иверица (или еквивалентно) мин.16 мм ( дебелина ), со АБС трака со дебелина од минимално 2мм. Конструкција да биде изработена од челичен профил минимални димензии 25ммх25ммх1,5 мм (дебелина) соодветно заштитен од корозија со пластични чепови на ногарките за заштита од оштетување. Под горната плотна на училишната клупа на растојание од 16 см да има друга плотна за оставање на ученичките ташни изработена од оплеменита иверица со димензии минимално 127см х 26см и дебелина на плотната од минимално 16 мм заштитено со АБС трака со дебелина од минимално 2мм . | парче | 14 | | | |
| 3 | **Комода** -со димензии 70x90x40cm<br><br>Костур,полици,врата и фиоки , изработени од оплеменета<br><br>иверка 16мм заштитени со АБС трака.На вратничката и фиоките да се постават брави со клуч и метални рачки. | парче | 2 | **11800,00** | **2124,00** | **13924,00** |
| | **Наставничка катедра со една фиока -** со димензии130x50x75cm.Горна плотна и фиока Оплеменета иверка 16мм заштитена со АБС трака.Метална конструкција профил 25ммх25ммх1.5мм.Елетростатски фарбан.Боја бука. | парче | 2 | **9800,00** | **1764,00** | **11564,00** |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 4 | | | | | | |
| 5 | **Ормар со стаклени врати** со димензии 190см x 90см x 40см. Костур,полици ,долни врати Израбитени од оплеменета иверка 16мм заштитени со АБС трака.Под вратничките да сепостави мин.4 полици од оплеменета иверка д=16 мм, кант АБС 22/2, дезен по избор, на вратничките да се постават брави со клуч и метални рачки. Горни врати изработени во комбинација алумински лајсни и стакло. Од доле поставен на метални нивелирачки ногари мин 10цм. Боја по избор | парче | 9 | **84600,00** | **15228,00** | **99828,00** |
| 6 | **Комода-** димензии 130см x 110см x 40см<br>Костур,полица , врати Изработени од оплеменета иверка 16мм<br>заштитени со АБС трака,на вратничките да се постават брави со клуч и метални рачки.Боја бука | парче | 2 | **11300,00** | **2034,00** | **13334,00** |
| | | **Вкупна цена без ДДВ** | | **219400,00** | | |
| | | **ДДВ** | | **39492,00** | | |
| | **ВКУПНО** | **Вкупна цена со ДДВ** | | **258892,00** | | |

**НАПОМЕНА – НАБАВКАТА НЕ Е ДЕЛИВА.**

**-Набавката е сукцесивна ,според потребите на договорниот орган.**

**Количините наведени во техничката спецификација се максимални предвидени и истите не мора да бидат искористени во целост.**

За носителот на набавката

Друштво за производство, промет и услуги МЕРНАП АС ... Скопје